**ИЗВОД**
**ОДУ бр.385/25**

**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**Методија Ристоски**
за подрачјето на Основните судови на град Скопје
ул. "Луј Пастер" бр.23/003-кат ПР Скопје
Во Скопје, на 07.05.2025 година, во 12:00 часот

----------------------------------------------**НОТАРСКИ АКТ**----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јас, **Нотар Методија Ристоски**, од Скопје, со службено седиште на ул."Луј Пастер" бр.23/003-кат ПР, за подрачјето на основните судови на градот Скопје, потврдувам дека на ден 07.05.2025 година, на барање за присуство на собрание и водење на записник, присуствував на седницата на собрание на **Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје, со седиште на ул.808 бр.8 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 4054016 и ЕДБ 4030954262848**, со почеток во 12:00 часот, кое се одржа во регистрираните деловни простории на Друштвото, на ул.808 бр.8 Скопје-Гази Баба, при што согласно членот 92 од Законот за нотаријатот и член 407, а во врска со член 383 од Законот за трговски друштва, го составив следниот:-----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------**З А П И С Н И К**-----------------------------------------------
--------------**за текот на Собранието на Акционерите на АД ЕВРОПА-Скопје**--------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:-------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**1)** Тековна состојба на правното лице Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје, издадена под број 0805-50/150020250172450 на ден 07.05.2025 година од Централниот регистар на Република Северна Македонија како електронски издаден документ (**Прилог А**)-----------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**2)** Акционерска книга на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје, издадена во електронска форма од Централниот депозитар за хартии од вредност од 06.05.2025 година (**Прилог Б**), според која Друштвото има вкупен број на хартии од вредност (обични акции) 255.583 (двесте педесет и пет илјади петстотини осумдесет и три), со номинална вредност по хартија од 51.13 ЕУР, со вкупен номинален капитал од 13.067.958,79 ЕУР, со вкупен број на гласови од 255.583, со број на иматели 58.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**3) Исечок од јавниот повик** за свикување на Собрание на акционерите на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје, кој беше уредно објавен во средствата за јавно информирање на ден 04.04.2025 година и тоа во дневниот весник "Нова Македонија", кој е (**Прилог В**) на овој Записник.-------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4)** Покана за водење на записник од собрание на акционери на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје до Нотар Методија Ристоски (**Прилог Г**).-----------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5)** Список на пријавени и верификувани акционери на собранието на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје одржано на 07.05.2025 година (**Прилог Д**) кој е составен дел на овој записник. Списокот на пријавени и верификувани акционери го содржи и Списокот на акционери кои гласале согласно член 400-а од ЗТД по пат на кореспонденција.--------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од Списокот на пријавени и верификувани акционери утврдив дека уредно се имаат пријавено 12 акционери со вкупен број на гласови 213.756 акции.--------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На Собранието присутни се 3 акционери - Брокерска куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје со 231 обични акции, претставуван преку полномошник Трајковиќ Лидија, со живеалиште на ул.Штросмаерова бр.10 во Скопје, со уредно полномошно, Селаудин Арифи, со 61 обични акции и Друштво за трговија производство и услуги АС СЕЊАК увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ, застапувано од Селаудин Арифи, со 48.935 обични акции .-------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По пат на кореспонденција се имаат уредно пријавено 9 акционери со 164.529 акции.-------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на горенаведеното утврдив дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.--------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на акционерското собрание ја отвори претседавачот од претходното собрание, полномошникот на акционерот Брокерска куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје, Трајковиќ Лидија, која ги поздрави присутните акционери, ги информираше акционерите дека согласно ЗТД Претседавач на собранието се бира за секоја седница, им посака успешна работа на присутните и ги објави податоците од верификациониот список. Ги запозна присутните дека согласно член 400-а од ЗТД, за денешното собрание покрај пријавените присутни акционери, благовремено доставени се и обрасци за гласање по пат на кореспонденција од акционери кои беа спречени физички да присуствуваат, па своето право на глас ќе го остварат со кореспонденција.--------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Констатира дека на денешната седницата се присутни вкупно 12 акционери со 213.756 акции со право на глас што претставува 92,92% од акции со право на глас или 83,63 % од вкупниот број на акции, со што се исполнети законските претпоставки за одржување на денешната седница на собрание на акционери и полноправно одлучување.--------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ги запозна присутните со предлогот за избор на Претседавач на Собрание даден од акционерот Валдрин Хасан, за претседавач повторно да биде избрана Трајковиќ Лидија како полномошник на акционерот Брокерска куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје и предлогот го стави на гласање.-------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:-------------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,---
- 0 гласови ПРОТИВ и -----------------------------------------------------------------------------------

- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-------------------------------------------------------------------------------
за претседавач на денешното собрание беше избрана Трајковиќ Лидија како полномошник на акционерот Брокерска куќа ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно.---------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 395 од Законот за трговски друштва и член 35 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, на собранието на акционери одржано на ден 07 Мај 2025 година се донесе следната

ОДЛУКА
за избор на претседавач
на Собранието на акционери

Член 1

За претседавач на Годишното Собранието на акционери на АД ЕВРОПА Скопје се избира лицето Лидија Трајковиќ.

Член 2

Мандатот на избраниот Претседавач на Собранието трае до избор на наредно Собрание.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:

Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот истакна дека согласно Законот за трговски друштва, Записникот го води Нотар, односно Записникот од оваа седница на АД ЕВРОПА-Скопје ќе го води Нотар Методија Ристоски од Скопје.------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека материјалите од точките на дневниот ред согласно член 34 од Статутот беа достапни на увид и разгледување на сите акционери, а согласно член 388-б од ЗТД беа објавени и на веб страницата на друштвото и на СЕИ НЕТ Апликацијата на Македонска берза АД Скопје, Согласно член 400 став 1 од ЗТД и член 43 став 3 од Статутот на друштвото, гласањето по сите точки од дневниот ред е јавно.---------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека во законски предвидениот рок од 8 дена од денот на објавувањето во дневен весник не беа поднесени писмени барања за вклучување на нови точки во дневниот ред.------------------------------------------------------------------------------
Согласно горespоменатото претседавачот констатира дека ќе се работи по предложениот:-
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.385/25**

--------------------**ДНЕВЕН РЕД**--------------------

**<u>I Процедурален дел</u>** --------------------

--------------------

1. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;--------------------
2. Избор на Претседавач на Собранието;--------------------
3. Избор на записничар (записникот ќе го води нотар);--------------------
4.Усвојување на Дневен ред;--------------------

--------------------

**<u>II Работен дел</u>**--------------------

--------------------

1. Усвојување на Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 04 јули 2024 година.--------------------
2. Разгледување и одобрување на финансиските извештаи за 2024 година со извештај на независниот ревизор--------------------
3. Разгледување и одобрување на консолидираните финансиски извештаи на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година со извештај на независниот ревизор--------------------
4.Разгледување и одобрување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година--------------------
5. Разгледување и одобруање на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година--------------------
6.Разгледување и одобрување на Консолидирана годишна сметка и консолидиран извештај за работењето на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година--------------------
7. Донесување Одлука за распределба-употреба на добивката по годишната сметка за 2024 година--------------------
8. Донесување Одлука за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда--------
9. Донесување Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна------------
10. Разгледување и одобрување на извештајот поднесен од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со друштвото во 2024 година--------------------
11. Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори во 2024 година--------------------
12.Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година--------------------
13. Донесување Одлука за избор на членови на одбор на директори--------------------
14. Донесување Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2025 година--------------------

--------------------

Претседавачот на Собранието го стави на гласање дневниот ред и истиот беше усвоен едногласно по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција.--------------------

--------------------

По завршување на процедуралниот дел, Претседавачот на Собранието премина на работа со работниот дел од дневниот ред.--------------------

--------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.385/25**

**1. По првата точка од работниот дел од дневниот ред** – Усвојување на Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 04 јули 2024 година, Претседавачот отвори дискусија.---------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се усвои Усвојување на Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 04 јули 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.---------------------------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, --
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за Усвојување на Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 04 јули 2024 година беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно,------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со Законот за трговски друштва и Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, на собранието на акционери одржано на ден 07 Мај 2025 година се донесе следната

ОДЛУКА
за усвојување на Записникот
од Собранието на акционери на друштвото
одржано на ден 04 јули 2024 година

Член 1

Се усвојува Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 04 јули 2024 година.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:

Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**2. Се пристапи кон разгледување на втората точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за Разгледување и одобрување на финансиските извештаи за 2024 година со извештај на независниот ревизор.--------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека во согласност со член 25 од Статуот на АД ЕВРОПА Скопје и член 383 и 478 од ЗТД во надлежност на Собранието е да ги разгледа и усвои финансиските извештаии ревидирани од ревизорското друштво. Во прилог на оваа точка е ставен на разгледување и усвојување ревидираните финансиски извештаии на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2024 година изготвен од страна на ревизорската куќа.---------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за Разгледување и одобрување на финансиските извештаи за 2024 година со извештај на независниот ревизор. Потоа се пристапи кон гласање.--------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:--------------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, --
- 0 гласови ПРОТИВ и -----------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-----------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката Разгледување и одобрување на финансиските извештаи за 2024 година со извештај на независниот ревизор беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно,------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, и член 383 и 478 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 07 Мај 2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на Финансиските извештаи
за 2024 година со извештај на независниот ревизор

Член 1
Се одобруваат финансиските извештаи на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година ревидирани од страна на овластено друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

Член 2
Финансиските извештаи на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година ревидирани од страна на ревизорското друштво се составен дел на Одлуката.

Член 3
Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:
Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**3. Се пристапи кон разгледување на третата точка од работниот дел од дневниот ред-** Одлука за Разгледување и одобрување на консолидираните финансиски извештаи на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година со извештај на независниот ревизор.---------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека согласно член 25 од Статутот на друштвото и член 506 од Законот за трговските друштва, во надлежност на собранието е да ги разгледа консолидираните финансиски извештаи за деловната 2024 година, ревидирани од страна на ревизорско друштво за група ЕВРОПА која ја опфаќа АД ЕВРОПА Скопје и ЕВРОПАК 2012 ДОО Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за Разгледување и одобрување на консолидираните финансиски извештаи на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година со извештај на независниот ревизор. Потоа се пристапи кон гласање.---------------------------
По гласањето, Собранието со:-----------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, --
- 0 гласови ПРОТИВ и -----------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за Разгледување и одобрување на консолидираните финансиски извештаи на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година со извештај на независниот ревизор беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно,------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје и член 506 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 07 Мај 2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на Консолидираните финансиски извештаи
за група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година со извештај на независниот ревизор

Член 1

Се одобруваат Консолидираните финансиски извештаи за група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година ревидирани од страна на овластено друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Консолидираните финансиски извештаи за групата АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година ревидирани од страна на ревизорското друштво се составен дел на Одлуката.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:

Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4. Се пристапи кон разгледување на четвртата точка од работниот дел од дневниот ред-**Одлука за Разгледување и одобрување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година.---------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје во надлежност на Собранието е да ја усвои Годишната сметка на друштвото. -----------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.385/25**

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за Разгледување и одобрување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:--------------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, --
- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,--------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлука за Разгледување и одобрување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно.----------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 07 Мај 2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на Годишната сметка
на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година

Член 1
Се одобрува Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година и тоа :

| | | |
|---|---|---|
| 1.ВКУПЕН ПРИХОД | 956.400.484 | денари |
| 2.ВКУПНИ РАСХОДИ | 933.710.035 | денари |
| 3.ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 22.690.449 | денари |
| 4.ДАНОК НА ДОБИВКА | 3.600.746 | денари |
| 5.ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | 19.089.703 | денари |

Член 2
Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:
Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**5. Се пристапи кон разгледување на петата точка од работниот дел од дневниот ред-** Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека согласно Согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје во надлежност на Собранието е да го разгледа и усвои Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година.-----
Во прилог на оваа точка е ставен на разгледување Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година со предлог истиот да се усвои.-------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------

- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, --
- 0 гласови ПРОТИВ и ---------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,-------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлуката за Разгледување и одобрување на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно.------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 07 Мај 2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на Извештај за работењето на АД Европа Скопје
за 2024 година

Член 1
Се одобрува Извештајот за работењето на АД Европа Скопје за 2024 година.

Член 2
Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 3
Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:
Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6. Се пристапи кон разгледување на шестата точка од работниот дел од дневниот ред-** Разгледување и одобрување на Консолидирана годишна сметка и консолидиран извештај за работењето на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година.--------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека согласно член 504 став 1 од Законот за трговските друштва, друштвото секоја година составува и објавува консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи, бидејќи има превладувачко влијание во ЕВРОПАК 2012 ДОО Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за Разгледување и одобрување на Консолидирана годишна сметка и консолидиран извештај за работењето на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.---------------------------------

По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување, --
- 0 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,--------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека Одлуката за Разгледување и одобрување на Консолидирана годишна сметка и консолидиран извештај за работењето на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно,-------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, и член 504, 505 и 506 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери , на седницата одржана на ден 07 Мај 2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на Консолидирана годишна сметка
и консолидиран извештај за работењето на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година

Член 1

Се одобрува Консолидирана годишна сметка и консолидиран извештај за работењето на група АД ЕВРОПА Скопје за 2024 година и тоа:

- ВКУПНИ ПРИХОДИ 960.881.338 денари
- ВКУПНИ РАСХОДИ 934.953.485 денари
- ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ 25.927.853 денари
- ДАНОК НА ДОБИВКА 3.600.746 денари
- НЕТО ДОБИВКА 22.327.107 денари

Член 2

Составен дел на оваа одлука се Консолидираната годишна сметка на група АД ЕВРОПА Скопје и консолидираниот извештај за работењето на групата АД ЕВРОПА за 2024 година.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:

Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.
---------------------------------------------------------------------------------------------------

**7. Се пристапи кон разгледување на седмата точка од работниот дел од дневниот ред-** Донесување Одлука за распределба-употреба на добивката по годишната сметка за 2024 година.---------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека согласно член 483 од Законот за трговските друштва, Собранието одлучува за распоредување на добивката. Во Одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката.-------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за распределба-употреба на добивката по годишната сметка за 2024 година. Потоа се пристапи кон гласање.-------------
По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,---
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за распределба-употреба на добивката по годишната сметка за 2024 година беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно,----------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 483 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 07 Мај 2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за распределба-употреба на добивката
по годишната сметка за 2024 година

Член 1
Добивката по оданочување за 2024 година во износ од 19.089.703 денари се распоредува на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1.РАСПРЕДЕЛЕНА ДОБИВКА ЗА ДИВИДЕНДА | 6.901.020 | денари |
| 2. НЕРАСПРЕДЕЛЕНА (акумулирана) ДОБИВКА | 12.188.683 | денари |

Член 2
Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:
Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**8. Се пристапи кон разгледување на осматата точка од работниот дел од дневниот ред-** Предлог Одлука за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда.-----------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека согласно член 490 од Законот за трговските друштва во надлежност на Собранието на акционери е да одобри плаќање на дивиденда.------------------
Со одлуката на собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда се определува износот на бруто дивидендата, датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда и планот за исплата на дивиденда и денот на којшто дивидендата се исплаќа.------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда. Потоа се пристапи кон гласање.------------------------------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------
- 213.756 гласови ЗА, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,---
- 0 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН,------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Одлуката за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда беше усвоена, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно,----------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 487 и 490 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на друштвото, Собранието на акционери на друштвото, на седницата одржана на ден 07 Мај 2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

за определување на износ и датуми
за исплата на дивиденда

Член 1

Се одобрува исплата на дивиденда од добивката на друштвото за 2024 година во бруто износ од 6.901.020 денари .

Дивидендата во бруто износ по акција ќе изнесува 30 денари.
Дивидендата ќе се исплатува во пари на трансакциска сметка на акционерите.

Член 2

Датумите за исплата на дивиденда се утврдуваат по следниот дивиденден календар

- Последен ден на тргување со право на дивиденда 26.05.2025 година;
- Прв ден на тргување без право на дивиденда 27.05.2025 година;
- Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда 28.05.2025 година.

Член 3

Дивидендата ќе се исплати во законски предвидениот рок, а најдоцна до 30.09.2025 година.

Член 4

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение:

Годишното Собрание на акционери на АД Европа Скопје на својата седница одржана на ден 07.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**9. Се пристапи кон разгледување на деветата точка од работниот дел од дневниот ред-** Предлог Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.-------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

